*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Број 09-1116/1*
*14.02.2022 година*
*Ш т и п*

Врз основа на член 23 став 8 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и "Службен весник на РСМ" број 275/19, 14/20 и 215/21), а во согласност со член 36 став 1 алинеја 7 и член 51 став 3 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14) и членот 3 глава IV реден број 1 од Правилникот за систематизација на работни места во Општина Штип број 09-8777/1 од 22.10.2015 година, Градоначалникот на Општина Штип на ден 14.02.2022 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за назначување на Секретар на Општина Штип**

1. Административниот службеник Вишна Шорова - Ангелова, со звање Раководител, распореден на работно место - Раководител на Одделение за поддршка на градоначалникот со шифра на работното место УПР 01 01 Б04 000, се назначува за Секретар на Општина Штип.
2. Мандатот на Секретарот од точка 1 на ова Решение трае до истек на мандатот на Градоначалникот на Општина Штип.
3. По истек на мандатот, именуваниот административен службеник ќе се распореди на работно место на исто ниво со нивото на работното место на кое е распореден пред да биде назначен за секретар.
4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Градоначалникот на Општина Штип, врз основа на членот 23 став 8 од Законот за административни службеници, го назначи административниот службеник Вишна Шорова – Ангелова за Секретар на Општина Штип, на раководно работно место од категорија А, ниво А4, со звање Секретар на Општина Штип.



Scanned with CamScanner

Врз основа на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе приговор до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена д денот на врачување на решението.

**Градоначалник на Општина Штип,**
**Иван Јорданов**

Доставено до:

- Именуваниот
- Одделение за човечки ресурси
- Сектор за финансиски прашања
- Архива



Scanned with CamScanner